**Република Северна Македонија**
**Општина Крушево**
**Бр.21-909/31**
**Од 27.08.2021 година**

Врз основа на член 22 став (1) точка 1 и член 50 став (1) точка 4 и точка 5 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02), член 50 и член 62 став (10) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ" бр.32/20) и донесената Програма за измена и дополнување на Програмата за финансирање на изработка на урбанистички планови на Општина Крушево за 2021 година, бр.08-840/3 од 19.07.2021 година, донесена од Советот на општина Крушево, Градоначалникот на општина Крушево објавува:

# С О О П Ш Т Е Н И Е

за организирање на јавна презентација и јавна анкета
**за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на фотоволтаична електрана на КП 2461 и КП 2462, КО Крушево - вгр., Општина Крушево**

- Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за изградба на фотоволтаична електрана на КП 2461 и КП 2462, КО Крушево - вгр., Општина Крушево се однесува за КП 2461 и КП 2462, КО Крушево-вгр.
  Локацијата на планскиот опфат се наоѓа на м.в. „гумова чешма" КО Крушево-вгр., општина Крушево.
  Проектниот опфат се граничи со следните катастарски парцели:
  - на исток со КП 2465, КП 2466, КП 2464, КП 2463, КП 2468 и КП 2396
  - на запад со КП 2396
  - на север со КП 2460/1 и КП 2460/2 и
  - на југ со КП 2396

  Вкупната површината на планскиот опфат изнесува 21755.4$m^2$.

- Јавната анкета се организира во просториите на Одделението за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина на општина Крушево, соба број 23, секој работен ден од 08:00 до 14:30 часот, а ќе трае 15 денови почнувајќи од 28.08.2021 година до 11.09.2021 година. Во исто време ќе се спроведува и во електронска форма преку информацискиот систем е – урбанизам, а ќе биде објавена и на веб страната на општината www.krusevo.gov.mk.

- Јавната презентација како стручно презентирање на планската документација, која се организира во рамките на јавната анкета и трае еден работен ден, ќе се одржи на 03.09.2021 година, во 10:00 часот во просториите на Одделението за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина на Општина Крушево, соба број 23.

- Урбанистичкиот проект во печатена форма ќе биде истакнат во просториите на Центарот за информирање на граѓаните на општина Крушево.

- Заинтересираните физички и правни лица во предвидениот рок, на анкетните листови ќе можат да ги дадат своите забелешки, мислења и предлози. Анкетните листови можат да се подигнат во соба број 23 секој работен ден од 08:00 до 14:30 часот.

*Општина Крушево*
*Градоначалник,*

*(м-р Томе Христоски)*